ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 08-2856/1
16.07.2019 год.
СКОПЈЕ

Јавно комунално претпријатие
ГАЗИ БАБА-2007
Бр. 03-1171
16.07.2019 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР ЗА УСЛУГИ

## ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛУГИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ГАЗИ БАБА

**СКЛУЧЕН ПОМЕЃУ:**

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**И**

**ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ГАЗИ БАБА-2007**

## Поглавје 1 ОПШТИ ОДРЕДБИ

### 1.Страни и претставници на страните

Страни на овој договор за услуги се:

**Општина Гази Баба**, во понатамошниот текст „Општина“ претставен од страна на Градоначалникот Борис Георгиевски врз основа на Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М 5/02)

**Јавно Комунално Претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 Скопје**, во понатамошниот текст „Претпријатие“,претставено од страна на ВД Директорот на претпријатието Влатко Митовски , врз основа на Одлука бр. 08-5948/1 од 27.12.2018 година донесена од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба

### 2. Дефиниции

*Единица на локална самоуправа – Според Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија(Сл. весник на Р.М 55/04)*

- *Совет на Оптина Гази Баба* - избраното тело кое ги претставува интересите населението на единицата на локалната самоуправа

- *Општина* – извршното тело на Локалниот совет,под надлежност наГрадоначалникот

- *Градоначалник* –избраниот раководител на Општината

- *ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 –Јавно Комунално Претпријатие* формирано од и во сопственост наЛокалниот совет

- *Акти на КП–*Внатрешни акти на КП,донесени од страна на Управниот Одбор на КП Гази Баба на кои има дадено согласност Советот на Општина Гази Баба.

- *Управен Одбор на КП* – тело кое управува со ЈП формирано во согласност состатутот на КП односно Законот за јавни претпријатија

- *Централизирани услуги за водоснабдување и одведување на отпадни води* – Производство и дистрибуција на вода за пиење преку цевководни системи;собирање, пречистување и одведување на отпадни води преку централизирани системи; и сродни услуги за клиентите.

- *Постројки* –Работи за производство,пречистување,складирање идистрибуција на вода, како и работи за собирање, пречистување и одведување на отпадни води.

- *Бизнис план на КП–* 3 годишен план кој се ажурира секоја година,за корпорацискиот развој на ЈКП

## 3 Намена и цел на договорот за услуги

Со овој договор за услуги се регулираат односите помеѓу Општина Гази Баба и Јавно комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 Скопје со цел континуирано обезбедување на услуги за водоснабдување и отпадни води со најголем можен квалитет по најекономични трошоци за Општина Гази Баба, и оптимално користење на постројките за вода и отпадни води доделени на Претпријатието од страна на општината.

Услугите за водоснабување ќе ги врши ЈКП Гази Баба за населените места во руралниот дел на општината, со исклучотк на населените места на територија на општината во кој снабдување со вода за пиење врши ЈП Водовод и Канализација, и ЈКП Водовод Илинден.

Динамиката на преземањето на водоводната мрежа и давањето на услуги од ЈКП Гази Баба ќе се врши тековно со превземање на едно населено место, па кога ќе завршат формалните активности ќе се премине кон следно населено место.

## 4 Надлежности на страните

4.1 Во согласност со Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води(Сл.весник на Р.М 68/04,28/2006,103/2008) Советот е надлежен за обезбедување на услуги за водоснабдување и отпадни води за управување и развој на објектите за водоснабдување и отпадни води во сопственост на општината (ЕЛС)

4.2. Претпријатието е основано со одлука на Советот на Општина 28.02.2007 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на јавно комунално претпријатие на Општина Гази Баба од 21.06.2007. Претпријатието е правно лице во целосна сопственост на Локалниот совет, со конкретна мисија и лиценца во која се предвидува и за вршење на услуги за водоснабдување и отпадни води.

**5. Услуги кои треба да се извршат**

Претпријатието ќе ги извршува следниве услуги:

- Работење, одржување и развој на постројки за производство и дистрибуција на вода, и набавка на пречистена вода, за обезбедување на вода за пиење на населението.

- Работење, одржување и развој на постројки за собирање и пречистување на отпадни води за обезбедување на услуги за отпадни води на населението

- Собирање на надоместоци од корисниците на горенаведените услугиво рамките на областа која ја опслужува, како што е дефинирано во Оддел 6 од овој Договор, со целосна екслузивност.

**6. Област на опслужување**

6.1Услугите ќе се вршат во рамките на ,Гази Баба како што е прикажано на приложената карта (Анекс 1).

6.2. Сите варијации (проширување или намалување) на областа на опслужување мора да бидат одобрени од страна на Советот.

**7. Услуги од / надвор од областа на опслужување**

7.1Услуги во или надвор од областа на опслужување вклучуваат снабдување со сирова или вода за пиење, услуги кон населението во блиските села и градови, итн.

7.2 Сите услуги во или надвор од областа на опслужување мора да се базираат на договорни аранжмани со Претпријатието.

**8 Времетраење, менување и прекинување на Договорот за услуги**

8.1. Овој договор за услуги важи се додека и двете страни ги исполнуваат своите обврски.

8.2. Овој договор за услуги може да се менува од време на време, меѓутоа не почесто од еднаш годишно, по барање на една од страните и по добивање на одобрување од страна на двете страни.

8.3. Договорот за услуги може да се раскине со известување од 12 месеци со одлука на Советот во следниве случаи:

Постојано незадоволително работење или повторливо непочитување на одредбите на Договорот за услуги од страна на Претпријатието и писмени опомени од страна на Советот.

Промена на институционалната рамка за обезбедување на услуги за водоснабдување и отпадни води, со одлука на Советот.

## Поглавје 2 ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

### 9 Усогласеност со закони, регулативи, стандарди и норми

9.1 Претпријатието треба во секое време да ги почитува сите закони, регулативи, норми, стандарди и препораки кои имаат влијание врз неговите активности, особено во однос на квалитет на води, заштита на животна средина, и против пожарна заштита.

9.2 Посебно, Претпријатието константно ќе ги одржува, ажурира и обновува своите лиценци за одредбите за услугите вклучени во овој Договор.

9.3 Претпријатието мора веднаш да го информира Советот за било каква промена во правната односно регулаторната рамка која има влијание врз неговите активности, и да достави до Советот планови за тоа како има намера да се усогласи со таквата промена.

### 10 Организација на претпријатието и човечки ресурси

10.1 Директорот на Претпријатието ја утврдува организацијата и екипираноста на Претпријатието за извршување на Договорот за услуги.

10.2 Вработувањата се одговорност на Директорот на претпријатието, во согласност со законот, и во рамките на одобрените буџетски лимити.

10.3 Претпријатието треба да изготви и спроведе програма за обука, во согласност со одредбите на бизнис планот.

### 11 Осигурување

Претпријатието ќе набави и ќе одржува на сила, за време на вршењето на Договорот за услуги, задолжително осигурување во согласност со важечките закони.

### 12 Средства

12.1 Сите постојани средства за водоснабдување и отпадни води, во сопственост на Општина Гази Баба, администрирани од страна на Советот, се доделуваат од страна на Советот *без надоместок* на Претпријатието во текот на времетраењето на услугите.

12.2 Капиталните средства ќе бидат доделени на Претпријатието и ќе биде потпишан анекс.

12.3 Претпријатието мора да води во секое време детален попис со соодветни вредности на сите постојани средства кои му се доделени од страна на Советот.

12.4 Претпријатието е целосно одговорно за редовното одржување на сите постојани средства кои му се доделени од страна на Советот.

12.5 Претпријатието мора во својот бизнис план да ги наведе спецификациите и трошоците за рехабилитација, замена и развој на постојните средства кои му се доделени од страна на Советот.

12.6 Постојаните средства доделени на Претпријатието од страна на Советот можат да бидат продадени или со нив да се располага во согласност со одредбите предвидени со важечкото законодавство.

## 13 Работење и одржување на постројките

13.1 Претпријатието мора да работи и да ги одржува постројките кои му се доделени од страна на Советот во согласност со нормите предвидени во важечките законски прописи, на начин на кој ќе се обезбеди оптимално користење на овие постројки во смисла на нивна ефикасност и животен век, а се со цел да се оптимизираат трошоците за работење и одржување и да се заштити животната средина.

Претпријатието треба да ги исполни договорените цели во однос на работењето и одржувањето како и индикаторите за успешност наведени во тековниот бизнис план.

## 14 Квалитет на водоснабдување и отпадни води

14.1 Претпријатието е целосно одговорно за почитување на сите релевантни стандарди и норми во однос на:

а. Квалитетот на водата за пиење доставена до населението
б. Квалитетот на отпадните води испуштени во животната средина

14.2 Претпријатијата треба да ги следат инструкциите добиени од страна на институциите надлежни за контрола во однос на квалитетот на водата и отпадните води.

14.3 Советот може да нареди дополнителни примероци да се испитаат од страна на независни јавни или приватни регистрирани лаборатории, доколку така налага состојбата.

14.4 Претпријатието треба да ги исполни договорените цели за квалитет на вода и отпадни води за индикаторите на успешност наведени во тековниот бизнис план.

## 15 Управување со корисниците

Правната врска помеѓу Претпријатието и неговите клиенти е „Договор со корисниците“, во кој се наведени соодветните права и обврски на Претпријатието и неговите корисници.
Претпријатието ќе ги ажурира и дополни постоечките „договори со корисниците“ за сите категории на корисници во рок од 6 месеци од потпишувањето на овој Договор за услуги. Претпријатието треба да води регистер на поплаки од корисниците, во кој ќе бидат наведени датумот, времето, и природата на поплаката, како и детали за преземените активности и времето на реакција.

Претпријатието мора во секое време да обезбеди еднаков третман за сите корисници во областа на опслужување, без било каква дискриминација, особено во смисла на тарифи, време на приклучување, време на реакција по пријавени поплаки, итн.

Претпријатието треба да ги исполни договорените цели за управување со корисниците за индикаторите на успешност наведени во тековниот бизнис план.

## 16 Под-договори

16.1 Склучување на под-договори за вршење на било кој дел од основните активности на Претпријатието, односно активности поврзани со производство и дистрибуција на вода за пиење, собирање и пречистување на отпадни води и управување со корисниците не е дозволено без официјално одобрување од страна на Советот.

16.2 За активности кои не се основни активности на претпријатието, Претпријатието може да склучува под-договори без претходно да се обрати до Советот.

## 17 Набавки

Набавките на стоки и услуги од страна на Претпријатието мора да бидат во согласност со националните и локалните прописи поврзани со набавки.

## 18 Тарифи

Претпријатието треба да изготви и предложи промени и прилагодувања на нивото и/или структурата на тарифите во согласност со Методологијата за поставување на тарифи.

## 19 Буџети

19.1 Претпријатието треба да изготвува годишни буџети за своите работи и инвестиции, и истите ќе ги доставува до Советот на одобрување.

19.2 Претпријатието треба го следи спроведувањето на овие буџети, и за тоа да го известува Советот по пат на полугодишни и годишни извештаи.

## 20 Сметководство и ревизија

20.1 Претпријатието ќе води точно и системско сметководство во однос на услугите и овој договор во согласност со македонските сметководствени стандарди со тоа што ќе ги прилагоди сметководствените извештаи на меѓународните сметководствени стандарди (МСС).

20.2 Претпријатието ќе води посебни сметки за услугите за водоснабдување, услугите за отпадни води, како и за целината составена од услуги за водоснабдување и отпадни води.

20.3 Сметките на претпријатието треба да бидат изготвени и ревидирани во согласност со законските прописи, од страна на овластен ревизор, во законски предвидениот рок.

## 21 Планирање

21.1 Претпријатието треба да изготви 3-годишен бизнис план кој ќе се ажурира секоја година и кој ќе се доставува до советот на одобрување.

21.2 Бизнис планот треба да ги покрие сите области на делување на Претпријатието, вклучувајќи го тука работењето и одржувањето, инвестициите сметководството и финансиите, правните работи, управувањето со корисниците, човечки ресурси, итн.

21.3 Бизнис планот треба да вклучува јасни стратегии и цели за Претпријатието и годишни цели за утврдените показатели на успешност, одразувајќи го квалитетот и нивото на услуги, како и успешноста на управувањето со Претпријатието.

21.4 Бизниспланот треба да вклучува среднорочен и долгорочен план за капитални инвестиции, вклучувајќи сите рехабилитации, замени и развој на средствата.

## 22 Известување

22.1 Претпријатието треба да изготвува и ги доставува преку одборот следниве извештаи до Советот, користејќи усогласени обрасци:

- *Пред 31-ви јануари*

Годишен извештај, во кој ќе се обезбедат сите релевантни информации за активностите и успешноста на Претпријатието (преку показатели и цели усогласени во Бизнис планот), како и извршувањето на буџетот за изминатата година

· *Пред 30-ти јуни*

Ревидирани финансиски сметки на Претпријатието.

· *Пред 31-ви Јули*

Полугодишен извештај, во кој ќе бидат наведени сите релевантни информации за активностите и успешноста на Претпријатието (преку показатели и цели усогласено во Бизнис планот), како и следење на тековните буџети

· *Пред 30-ти септември:*

- Буџети за претстојната година
- Ажуриран 3-годишен бизнис план, вклучувајќи и план на капитални инвестиции.

22.2 Посебни извештаи ќе бидат подготвувани и доставувани до Советот од страна на Претпријатието на негова иницијатива или по барање на Советот.

## Поглавје 3 ПРАВА И ОБВРСКИ НА ОПШТИНАТА

### 23 Раководител на претпријатието

Директорот на претпријатието го именува Градоначалникот на Општина Гази Баба врз основа на јавен конкурс.

Договорот за вработување помеѓу Градоначалникот и Директорот на претпријатието треба да се повикува на постигнување на целите на бизнис планот.

Во случај на лошо управување, односно, недоволна успешност на Претпријатието, советот на Општината може да му препорача на Градоначалникот да издаде опомена на Директорот на претпријатието или да препорача раскинување на неговиот/нејзиниот договор.

### 24 Следење и надзор

Како извршно тело на Локалниот совет, општината треба да врши следење и контрола на активностите и успешноста на Претпријатието во рамките на овој Договор.

Општината треба да ги прегледа сите извештаи и ревизии доставени од страна на Претпријатието, како што е наведено во оддел 22 погоре, и да ги достави своите заклучоци и препораки до Претпријатието

## 25 Инвестиции

Советот треба да го прегледа и одобри планот за капитални инвестиции подготвен од страна на Претпријатието во рамките на бизнис планот.
Советот треба да ги поддржува напорите на Претпријатието за пристапување до национално односно интернационално финансирање и субвенции.

По барање, советот ќе даде гаранции за заемите кое претпријатието ги земало за инвестиции планирани во одобрениот План за капитални инвестиции.

## 26 Тарифи

Советот ќе одобри промени на тарифите предложени од страна на Претпријатието во рок од еден календарски месец, во согласност со Методологијата за поставување на тарифи.

Одбивањето или измените на тарифните предлози од страна на Советот ќе бидат соодветно и официјално документирани и оправдани.

Советот, во случај да донел одлука за поставување на тарифите за услугите на ниво пониско од економски оправданите трошоци на обезбедените услуги, ќе ја надомести разликата помеѓу одобрените тарифи и економски оправданите трошоци на дефинираните услуги од локаниот буџет во рок од 3 месеци по изјавата за надоместување од страна на Претпријатието.

# Поглавје 4 ОДНОСИ ПОМЕЃУ СТРАНИТЕ

27 Во рамките на Договорот за услуги, Директориот на претпријатието или неговиот претставник ќе реферира пред Општината.

28 Освен во исклучителни околности, Локалниот совет и Општината нема да се мешаат во секојдневните работи на Претпријатието, како и во неговата организациска структура и екипираност со персонал.

# Поглавје 5 РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОРОВИ

## 29 Пријателско разрешување / арбитража

29.1 Страните ќе се потрудат да ги разрешат своите несогласувања по пат на преговори и пријателско разрешување.

29.2 Доколку страните не успеат да го разрешат спорот по пат на пријателско порамнување, тогаш Страните ќе го упатат спорот на постојниот избран Суд за деловна арбитража при стопанска комора на Македонија.

АНЕКСИ

- Анекс 1 Област на опслужување (карта)

Овластени потписи:

Градоначалник на Општина Гази Баба
Борис Георгиевски

Директор на ЈКП Гази Баба
Влатко Митовски